Јавно претпријатие Комунална хигиена - Скопје
Ndërmarrja publike Higjiena komunale - Shkup
Скопје, Република Македонија
Shkup, Republika Maqedonise
Број / numer 02 - 5940
Дата / data 01. 07. 2011

Врз основа на член 19 став 2 точка 7, а во врска со член 11 точка 5 од Законот за јавни претпријатија (Сл.весник на РМ бр. 38/96; 9/97; 06/02; 40/03; 49/06 и 22/07) и член 24 став 1 точка 8 од Статутот на ЈП Комунална хигиена-Скопје,Управниот одбор на Претпријатието на својата дваесетта седница одржана на ден 01.07.2011 год., донесе

# О Д Л У К А

## За утврдување на цената на услугите за собирање и транспортирање на комуналниот отпад на подрачјето на Град Скопје

**Член 1**

Цената на услугите за собирање и транспортирање на комуналниот отпад на подрачјето на Град Скопје по одделни категории на корисници изнесува:

| | |
|---|---|
| - Физички лица – станбени површини | 3,59 ден./$м^2$ |
| - Физички лица-домаќинства во рурални средини | 286,00 ден./домаќинство |
| - Правни лица - површина за објекти и дворно место | 5,50 ден./$м^2$ |

**Член 2**

Се задолжува Директорот на Претпријатието оваа Одлука да ја достави до Градоначалникот на Град Скопје на чиј предлог, Советот на Град Скопје ја одобрува истата.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила по добивање на согласност од Советот на Град Скопје.

**Член 4**

Со влегување на сила на оваа Одлука, престанува да важи Одлуката бр. 02-5168 од 23.07.2010 год. и Одлуката бр.02-5169 од 23.07.2010 год.

**О б р а з л о ж е н и е**

Уставниот суд на Р.М. на седница одржана на 08.06.2011 год. донесе Одлука со која го укина членот 1 став 2 од Одлуката за одобрување на висината на цената за собирање и транспортирање на комуналниот отпад на подрачјето на Град Скопје бр. 07-3378/1 од 22.09.2010 год. ( Сл.гласник на Град Скопје бр.12/2010), донесена од Советот на Град Скопје.

Фактички согласно горенаведената Одлука на Уставниот суд (објавена во Сл.весник на РМ бр.86/2011), се укинува делот на Одлуката за цена за сите правни лица и трговци поединци со површина до 250 $м^2$ , за кои согласно количината и видот на отпад што го создаваат односно дејноста која ја обавуваат, беа поделени во три категории за кои цената изнесуваше:

| | |
|---|---|
| - I категорија | 300,00 ден. |
| - II категорија | 700,00 ден. |
| - III категорија | 900,00 ден. |

Со укинување на овој дел од Одлуката за цена и со фактурирање на овој вид корисници – правни лица за површина која ја владее односно користи,користејќи ја мерната единица ден./$м^2$ односно 3,59 по 1 $м^2$ Претпријатието месечно помалку би фактурирало сса 5.000.000,00 денари. На овој начин во голема мерка би се загрозила ликвидноста, односно Претпријатието би работело со загуба што во крајна линија би резултирало со неможност на истото нормално да функционира и успешно ги извршува комуналните дејности од јавен интерес за кои е и основано.

Со цел да се надмине новонастанатата ситуација и обезбедат средства за нормално функционирање на Претпријатието од една страна, како и исполнат укажувањата на Уставниот суд односно обезбеди доследна примена на уставните и законските одредби, Управниот одбор реши како во диспозитивот на оваа Одлука.

**УПРАВЕН ОДБОР**
**Претседател**
**Марика Зафировска**